**20081001918**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 69 став 1 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" бр.25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007 и 82/2008), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 24.07.2008 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО СТРАНСТВО**

Член 1

Во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство ("Сл.весник на РМ" бр.111/2000, 31/2003, 113/2005, 41/2007, 62/2007 и 89/2007), по член 26, во глава IV се додаваат нови членови 26-а, 26-б и 26-в кои гласат:

"Член 26-а

Осигурените лица кои привремено престојуваат (приватно или службено, студиски престој, школување и стручно усовршување, престој во врска со меѓународна-техничка, научна и културна соработка и сл.), во земји со кои Република Македонија има склучено меѓународен договор за социјално осигурување, можат да користат бесплатна итна медицинска помош, врз основа на потврда што ја издава подрачната служба на Фондот, каде што е поднесена пријавата за задолжително здравствено осигурување.

Член 26-б

Постапката за издавање на потврдата од член 26-а на овој правилник се поведува по барање на осигуреното лице.

Кон барањето од став 1 на овој член осигуреното лице поднесува:

1) Потврда за здравствената состојба, издадена од избраниот лекар;

2) Наод, оценка и мислење на лекарската комисија на Фондот.

Член 26-в

Потврдата од член 26-а на овој правилник не се издава на осигурени лица за кои е утврдено дека боледуваат од акутни болести или акутни влошувања кај хронични болести."

Член 2

Во член 27 став 1 се бришат зборовите "ако со меѓународен договор не е поинаку определено".

Во став 6 од истиот член зборот "здравствените" со заменува со зборовите "платените здравствени".

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-12352/1
24 јули 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот на
Управен одбор,
**Снежана Костадиноска Милошеска,** с.р.